# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 19/2019 Пробиштип 21.01.2019 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.19/2019 одржана на ден 18.01.2019 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани а неплатени обврски до 30.09.2018 година бр. 26-50/3,
2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на административните службеници во Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-50/4,
3. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за остварување на Буџетот на Општина Пробиштип за периот 01.01.2018 до 31.12.2018 година бр. 26-50/5,
4. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-50/6,
5. Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-50/7,
6. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ТППЕ Пробиштип за 2018 година бр. 26-50/8,
7. Одлука за усвојување на Програма за работа со план за обуки на ТППЕ Пробиштип за 2019 година бр. 26-50/9,
8. Согласност на Годишен план за дополнување на Годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-50/10,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-50/12
18.01.2019 година
Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани а мнеплатени обврски (Сл.весник на РМ бр.209/2018), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани, а неплатени обврски до 30.09.2018 година**

Член 1

Со оваа Одлука се Усвојува Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани, а неплатени обврски пријавени во Електронскиот систем за пријавување на евиденцијата на обврските (ЕСПЕО) до 30.09.2018 година, а кој се финансирани од доделени средства од државниот буџет.

Член 2

Општина Пробиштип заклучно со 30.09.2018 година во ЕСПЕО има пријавено доспеани а неплатени обврски во износ од 72.737.150,00 денари .

Од државниот буџет на општина Пробиштип како финансиска подршка за раздолжување на обврските од ставот 1 на овој член, се доделени 37.095.946,00 денари кој се уплатени на посебна наменска сметка на општината на 30.11.2018 година.

Член 3

По завршување на јавниот повик за преговарање се пријавија вкупно 27 доверители кој се наведени во извештајот изготвен на пропишан образец од министерството за финансии.

Член 4

Доверителите наведени под реден број 1 до реден број 10 во Извештајот во фазата на преговарање, целосно се откажаа од камата или процентуално го намалија главното побарување во процент наведен во извештајот. Побарувањето под реден број 11 се однесува за надоместоци на Претседателите, нивните заменици, члeновите и замениците на Избирачките одбори како и надоместоци на Претседателот неговиот заменик, члeновите и нивните заменици како и секретарот на Општинската изборна комисија кое произлегува од Локалните избори 2017 година и кое општината имаше обврска да го намири од својот буџет, за кое во име на сите изборни органи преговараше претседателот кој истакна дека не бара камата но дека нема овластување да го намалува главното побарување во име на сите учесници, и истото без камата ќе се исплати на сметка на секој учесник во избирачките органи.

За исплата на доверителите од реден број 1 до реден број 11 се потребни 14.690.483,00 денари

Член 5

Побарувањата на доверителите под реден број од 12 до реден број 27 во вкупен износ од 35.198.628,00 денари, во фазата на преговарање истите се откажаа во целост од камата, а главницата не ја намалија, ќе бидат исплатени со остатокот од средствата во вкупен износ од 22.405.463,00 денари или подеднакво со 63,65% од главницата, со поединечно изразен износ за секој доверител во колона 7 од Извештајот.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Член 7

Одлуката со Извештајот да биде објавена на ВЕБ страната на општина Пробиштип.

Број 26-50/3
18.01.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018) член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број *4/2005, 25/014 и 29/2015)* Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година , донесе:

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот на административните службеници во Општина Пробиштип за 2019 година**

Член 1

Со оваа Одлуката се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот на административните службеници во Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-1125/14 од 26.12.2018 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.18/2018 и тоа:

Во членот 1 ставот 2 се менува и гласи: „ Вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Пробиштип за период 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за период од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-50/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
18.01.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 31.129.2018 година**

Член 1

Се усвојува финансискиот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во прилозите.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-50/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
18.01.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2018 година бр.16-70/1 од 14.01.2019 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2018 година бр.16-70/1 од 14.01.2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-50/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
18.01.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6,7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип“ бр.4/2005), а во врска со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), Градоначалникот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година, да ја усвои следната:

**ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2019 ГОДИНА**

Се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2019 година, бр.26-1032/9 од 30.11.2018 година („Службен Гласник на Општина Пробиштип„ бр.17/2018 ) во делот:

**Член 1**

Се врши дополнување на точката 1.2.3 со нов став кој гласи:

**БЛОК 12.1-дел со П=4,о Ха („старо Јаловиште„ - Индустриска зона)**

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

**Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ**

**Г2-лесна и незагадувачка индустрија** во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации;

**Г3- сервиси** за одржување и поправка на опрема и индустриски производи како што се сервиси за автомобили и други возила, машини, алати и инструменти, хемиско чистење и слично
**Г4- стоваришта** во кои спаѓаат сите видови стоваришта за складирање на стока на отворен или затво-рен простор, во специјални услови за чување, отпади, автопазари и слично.

**Б–КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**
**Б1- мали комерцијални и деловни дејности** во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат директен контакт со јавни пешачки површини како што се продажба, продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошти, интелектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и слично со максимална катност од П+1;;
**Б6- простори за собири** во кои спаѓаат сите видови градби со трибини за гледачи како што се стадиони, повеќенаменски сали, саеми и слично

**Д- ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**
**Д1- парковско зеленило** во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, парк -шуми, градини, ботанички бавчи, тревнати терени за рекреација, фитории и слично;
**Д2- заштитно зеленило** во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони;
**Д3- спорт и рекреација** во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт рекреација и забава на отворено без трибини или со трибини на природни или планирани земјани косини најмногу за 3000 посетители;
**Д4- меморијални простори** во кои спаѓаат меморијален парк, спомен парк, верски објекти со гробишта, гробишта и слично.

**Е- ИНФРАСТРУКТУРА**
**Е1-комунална инфраструктура** во која спаѓаат сите видови сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и електронска комуникациска инфраструктура и опрема и сл;
**Е2- комунална супраструктура** во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, автобуски и железнички станици, пристаништа, полигон за обука на возачи на моторни возила, станици за технички прегледи, акумулации и брани за водоснабдување, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензиски пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20 кв, градби за производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови, електронски комуникациски градби и слично.

Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2019 година влегува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-50/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
18.01.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02,) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/05, 25/14 и 29/15) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година бр. 19-47/1 од 11.01.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-50/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
18.01.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02,) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/05, 25/14 и 29/15) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програмата за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година со План за изведување на стручна настава и обука со работниците на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година**

Член 1

Се усвојува Програмата за работа Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година со Планот за изведување на стручна настава и обука со работниците на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година со Планот за изведување на стручна настава и обука со работниците на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година бр. 19-47/1 од 11.01.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-50/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
18.01.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/16, 27/16, 35/2018 и 198/2018), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 18.01.2019 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Годишен план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2019 година**

Член 1

Се дава согласност на Годишен план за дополнувањето на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2019 година бр. 04-87/1 од 18.01.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Годишниот план за дополнување на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2019 година бр. 04-87/1 од 18.01.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-50/10
18.01.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.